Врз основа на член 50 став 1 точка 16, а во врска со член 84 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 50 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), член 28 став 2 од Правилата за работа на месните заедници на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце бр.6/19), Градоначалникот на Општина Ранковце на ден 31.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на избори за членови на Советите на Месните заедници на подрачјето на општина Ранковце**

**Член 1**

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови на Советите на месните заедници на подрачјето на Општина Ранковце.

**Член 2**

Изборите за членови на Советите на месните заедници на подрачјето на Општина Ранковце ќе се спроведат во периодот од 02.01.2020 година до 31.07.2020 година.

Градоначалникот ќе упати соопштение за свикување на собир на граѓаните за подрачјето на секоја месна заедница и за распишување избори за членови на Советот на секоја месна заедница.

**Член 3**

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советите на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните заедници формирана од страна на Советот на Општина Ранковце.

**Член 4**

Граѓаните од соодветната месна заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот, часот и местото на одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните на месната заедница ќе биде извршено со истакнување на соопштението на интернет страната на Општина Ранковце, на огласна табла во Општина Ранковце и на видни места на територијата на месна заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани согласно на Правилата за работа на месна заедница на Општина Ранковце.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 08-1242/1**
**31.12.2019 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Томевски**